**20241472567**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2024 година.

Бр. 08-3485/1
11 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 1

Во Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22 и 134/24), во член 9 во ставот (2) зборовите: „надлежно за работите од областа на енергетиката“ се заменуваат со зборовите: „за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Во член 172-а во ставот (4) по зборот „средина“ запирката и зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се бришат.

Член 3

Во член 181 во ставот (2) зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 4

Насловот на членот 184 се менува и гласи:
„Надежност на Министерството во областа на обновливи извори на енергија“.

Член 5

Во член 184 во ставот (1) зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во ставот (2) зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 6

Во член 191 во ставот (12) во првата реченица зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Во втората реченица зборовите: „Агенцијата за енергетика е должна“ се заменуваат со зборовите: „Министерството е должно“.

Во ставот (13) зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 7

Во член 194-а во ставот (3) зборовите: „Агенцијата за енергетика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 8

Во член 195 став (1) точка 2) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 9

Во членот 199 став (6) зборовите: „за економија“ се бришат.

Член 10

Во член 200 во ставот (3) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 11

Во член 201 во ставот (2) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (3) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (4) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (7) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (9) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (10) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 12

Во член 206 ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (2), (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 13

Во членот 208 став (1) во воведната реченица зборовите: „став (3)“ се заменуваат со зборовите: „став (2)“.

Член 14

Во членот 208-а став (1) зборовите: „ставови (4), (5), (6) и (7)“ се заменуваат со зборовите: „ставови (3), (4), (5) и (6)“.

Член 15

Во членот 209 став 1 зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 16

Во членот 212 став (1) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (5) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот (6) зборовите: „техничка инспекција” се заменуваат со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини”.

Член 17

Подзаконските акти донесени согласно со Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22 и 134/24) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.